Врз основа на член 91 став (2) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19 и 275/19), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА КОРИСНИЦИ ПО МЕРКИТЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

## Член 1

Во Правилникот за поблиските критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/11, 80/13, 35/16, 101/17, 162/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 100/19, 215/19 и 24/20), членот 3-а се менува и гласи:

„(1) Поблиски критериуми за избор на корисници за помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност се:

- доколку целта на инвестицијата е набавка на опрема за после бербени активности во растително производство – 10 бода;
- доколку целта на инвестицијата е набавка на опрема за преработка на земјоделски производи и производи од животинско потекло – 10 бода;
- доколку активностите од деловниот план се одвиваат во ридско-планински подрачја – 10 бода;
- доколку корисникот се занимава или планира да се занимава со сточарство – 10 бода;
- доколку корисникот е член на земјоделска задруга – 15 бода;
-доколку корисникот е индивидуален земјоделец – носител на земјоделско стопанство и регистриран вршител на земјоделска дејност согласно Законот за вршење земјоделска дејност или носител на семејно земјоделско стопанство кој се стекнал со статус на осигуреник согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување – 35 бода и
- доколку корисникот е во плански регион, според степенот на развиеноста на регионот, и тоа за:
    - Скопски регион – 1 бод;
    - Југоисточен регион – 2 бода;
    - Источен регион – 3 бода;
    - Пелагониски регион – 4 бода;
    - Вардарски регион – 5 бода;
    - Југозападен регион – 6 бода;

- Полошки регион – 8 бода и
- Североисточен регион – 10 бода.

(2) Најголем број на бодови што може да ги добие корисникот за помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност е 100 бода.

(3) За да биде прифатлив, корисникот за помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност треба да добие најмалку 60 бода. “.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.
15 април 2021 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
Arjanit Hoxha, с.р.